ОПШТИНА ЦЕНТАР ЖУПА
ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ „КАЛЕ“

**Извештај за работа на Јавното комунално претпријатие „Кале“ за 2013 година**

Општина Центар Жупа се снабдува со вода од два главни доводи за вода и тоа крак Мелнички Мост - Центар Жупа и Крак Лучишка планина – Центар Жупа со вкупен прилив на вода од 25 литри/секунда.

Јавното комунално претпријатие Кале со водоснабдување дава услуги на 5 населени места во општината и тоа:

- Село Горенци
- Село Баланци
- Село Голем Папрадник
- Село Мал Папрадник и
- Населбата Центар Жупа

Согласно утврдените дејности за работа на Јавното комунално претпријатие и годишната програма за работа за 2014 година беа спроведени низа оперативни работи за отстранување на дефекти, хлорирање на водата и приклучување на нови приклучоци на водоводната мрежа

Во 2014 година беа отстранети 61 дефеци на секундарната водоводната мрежа и 4 беа на примарната водоводна мрежа односно главните доводи за вода или вкупно 65 дефекти за 2014 година.

За хлорирање на водата која се спроведува во главниот резервоар се поторшија 30120 литри хлор, исто така во текот на целата година се прави анализа односно испитување за присуство на резидуален хлор во водата секој месец или по две испитувања месечно односно 24 испитувања на годишно ниво. Испитувањето и анализата се прави од страна на Заводот за здравје – регионално одделение Охрид.

Во 2014 година вкупни приклучоци на физички лица, комерцијални и други институции се 912 од кои 892 се на физички лица, додека 18 се на комерцијални објекти и два приклучоци се на јавни фонтани.

Вкупно произведена вода во 2014 година е 547.500 м3 вода, податок добиен врз онова на полнењето и празнењето на резервоарот за вода од кои 345.090 м3 е фактурирана вода, вкупно измерена фактирирана вода е 345.090 м3, додека вкупно количини на вода фактурирана на домаќинства е 270.420 м3. Комерцијалните и индустриските објекти потрошиле 23.150 м3 вода, додека други институции поторшиле 51.520 м3 вода.

Во 2014 година Јавното комунално претпријатие Кале вкупно за сите физички лица и други субјекти фактурираше 3.098.440 денари од кои 1.902.320 денари се фактурирани на физички лица – домаќинства, за комерцијални и други субјекти се фактурирани 980.120 денари, за други институции, општина, училишта се вкуоно фактурирани 216.000 денари.
Јавното комунално претпријатие Кале сеуште се соочува со слаба наплата, потребни се поголеми напори и соработка со корисниците на услугите за да се зголеми наплатата на водата.

Сите останати оперативни трошоци за хлор, одржување и делови за отстранување на дефекти ги покрива општината.

Во однос на оперативните работи и активности програмата за работа за 2014 година е исполнета.

Дата
16.05.2015 година

јавно комунално претпријатие
директор